


# КАРПОШ неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 11-22 јуни 2025 Билтен бр. 599**

# НАГРАДНО ЛЕТУВАЊЕ ЗА ПРВЕНЦИТЕ НА ГЕНЕРАЦИЈА

**По завршувањето на учебната година, денеска во холот на ООУ ,,Јан Амос Коменски", заслужено беа наградени првенците на генерација од секое училиште во Карпош. Во оваа пригода, првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски им ги врачи еднократните парични награди од 10.000 денари, што за нив, традиционално ги обезбеди локалната самоуправа.**

**-Наградата е симболична, но таа нека ви служи како поттик во понатамошното образование и награда за вашиот вложен труд кој се разбира нема да запре тука. Општината се залага овие деца да имаат максимални услови за работа, за учење и спорт, со тоа што поставивме во сите училишта фотоволтаични системи, спортските игралишта ги опремивме со вештачка трева во секое училиште. Иако на крајот од годината, но од септември веќе наредните генерации ќе имаат по еден компјутерски кабинет, каде што ќе го надградуваат своето знаење во сферата на технологијата. Училиштата во Карпош ги опремивме и со персонални компјутери како и со смарт панели. Оттука, очекуваме дека со вакви услови, ќе имаме се повеќе и повеќе деца со кои ќе се фалиме и кои вредно ќе продолжат да учат, ќе следат уредни генерации кои ќе бидат пример за нашето општество – рече Јакимовски. За првенци на генерација за учебната 2024 – 2025 година се прогласени:**

**1.Ангела Станоевиќ (ООУ ,,Лазо Трповски")**

**2.Владимир Грчев (ООУ ,,Братство")**

**3.Марија Јовчевска (ООУ ,,Аврам Писевски")**

**4.Огнен Кралевски (ООУ ,,Х.Т.Карпош")**

**5.Матеа Мирческа (ООУ ,,В.Ц.Трена")**

**6.Гала Наумова (ООУ ,,П.П.Арсов")**

**7.Катја Серчевска (ООУ ,,Д.Х.Димов")**

**8.Ева Ризова (ООУ ,,Ј.А.Коменски")**

**9.Илина Димитровска (ООУ ,,Владо Тасевски")**

**10.Калина Стојчевска (ООУ ,,Војдан Чернодрински")**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ИМОТ

**Општина Карпош ги информира сите граѓани кои досега не добиле Решение за наплата на данок на имот за 2025 година, дека можат да ги регулираат своите обврски на начин што ќе се обратат до урбаната заедница на која и припаѓаат. Исто така, граѓаните можат да се обратат директно до Одделението за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци во Општина Карпош (ул. Радика бр. 9).**

**За повеќе детали, граѓаните можат да се информираат секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот на следниве телефонски броеви: 02/3055-942**

**078/486-054**

**078/487-636**

**070/263-522**

**071/221-111**

**Во оваа пригода би сакале да ве потсетиме дека данокот за имот за 2025 можете да го платите и по електронски пат на следниот линк на Град Скопје**

**Линк https://danoci.skopje.gov.mk/gskopje/root/public/login.xhtml**

## АСФАЛТИРАН КРАК ОД УЛ.МАРК ТВЕН

**Во тек е асфалтирање на крак од улицата Марк Твен во нас. Влае 1. Изведувач на градежните активности е ДПГТТУ ,, Филип Инженеринг” ДООЕЛ увоз-извоз, а должината на улицата е 162 метри. Сумата која е издвоена од општинскиот буџет изнесува 1.597.513, 71 денари со ДДВ. Се очекува дека во текот на денешниот ден ќе заврши градежната акција**




## СООПШТЕНИЕ

**ГИ ИЗВЕСТУВАМЕ ГРАЃАНИТЕ НА УЗ „КАРПОШ 4“ ДЕКА ПРОСТОРИИТЕ НА УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА ПОВТОРНО СЕ НАОЃААТ ВО РАМКИ НА СПОРТСКАТА САЛА „ПАРТИЗАН“.**

**ЗА СИТЕ ПОТРЕБИ НА ГРАЃАНИТЕ ОД УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА „КАРПОШ 4“ МОЖЕ ДА СЕ**

**ОБРАТАТ ВО ГОРЕ СПОМЕНАТИТЕ ПРОСТОРИИ ОД 7:30-15:30.**

# ОПШТИНАТА ОБЕЗБЕДИ НОВИ ПРОТИВПОЖАРНИ АПАРАТИ ЗА СИТЕ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

**Оваа година локалната самоуправа од општинската каса издвои 1.440.000 денари за набавка на нови противпожарни апарати, наменети за сите основни училишта и детски градинки на територија на Карпош. По тој повод, градоначалникот Стевчо Јакимовски, денеска беше во обиколка на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош", каде непосредно ја констатираше фактичката состојба со оваа училишна установа од аспект на безбедноста.**

**„Шест месеци пред трагедијата во Кочани, Дирекцијата за заштита и спасување ја алармираше нашата институција дека фирмата којашто ги одржува противпожарните апарати во Карпош, односно во училиштата и градинките, практично прави груба злоупотреба со тоа што истите противпожарни апарати не ги проверува туку ги зема и ги враќа назад, при што само ги менува контролните картончињата на уредите. Оттаму Дирекцијата не потсети дека законска обврска е да немаме противпожарен апарат во објектите, којшто е постар од пет години. Кога направивме една комплетна анализа, за жал констатиравме дека овде имаме противпожарни апарати од 1955-та година" – објасни Јакимовски.**



## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

**ОГЛАС за Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

**Право на пријавување**

**Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортски клубови регистрирани со седиште на подрачјето на општина Карпош најмалку 3 (три) години, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на спортот во општината и пошироко.**

**Спортските клубови се должни во барањето да ги наведат причините, намената за кои ги бараат средствата со финансиска конструкција и спецификација.**

**Потребни документи и услови за учество**

**Потврда од матичната национална спортски федерација дека клубот се натпреварува во национално спортско првенство со најмалку 5 (пет) клуба (да се наведат клубовите);**
**Навремено доставување извештаи за наменска искористеност на средствата доделени од Општина Карпош од претходната година;**
**Да имаат изработено годишна програма за работа на клубот;**
**Да имаат организирана и активна спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални спортски федерации во најмалку две селекции;**
**Решение за регистрација на спортскиот клуб (и решение од централен регистар не постар од 3 месеци);**
**Спортските клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат;**
**Решение за вршење дејност спорт од страна на Министерството за спорт односно АМС.**

**Критериуми за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови**

## ЕВРОПСКИ КУП ВО КИНЕСКО БОРЕЊЕ (SHUAI JIAO)" 2025




**Во саботата (21.06.2025) во спортската сала "Наум Наумовски Борче" -ПАРТИЗАН, во Општина Карпош се одржа 2-от "ЕВРОПСКИ КУП ВО КИНЕСКО БОРЕЊЕ (SHUAI JIAO)" 2025 на кој улествуваа тимовите на Италија, Шпанија, Германија, Србија, Франција, Босна и Херцеговина, Унгарија и РС Македонија.**
**Технички организатор на 2-от "ЕВРОПСКИ КУП ВО КИНЕСКО БОРЕЊЕ (SHUAI JIAO)" 2025 беше Полицискиот спортски клуб за кинеско борење 7-ми МАЈ-ШУИ ЏИАО Скопје, соорганизатор беше Општина КАРПОШ, а покровител на натпреварот е Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски.**
**Од страна на г-нот Антонио Лангијано, Претседател на Европската унија Шуаи Џиао (ЕСЈУ) на Г-дин Стевчо Јакимовски, Градоначалник на Општина Карпош и на д-р Страшо Глигоров организационен директор им беа доделени специјални плакети како знак на благодарност, успех и придонес за организацијата на 2-от "ЕВРОПСКИ КУП ВО КИНЕСКО БОРЕЊЕ (SHUAI JIAO)" 2025.**
**На свеченото отварање присуствуваше и Патрик Поповски, раководител на сектор за поддршка и организација на работата на Советот и архивско – административни работи кој воедно и следеше дел од натпреварите.**

**МЕДАЛИСТИ НА 2 -ор "ЕВРОПСКИ КУП ВО КИНЕСКО БОРЕЊЕ (SHUAI JIAO)" 2025 Скопје**
**– 82 кг + 17 години**
**1. Пасциули Алессио – Италија**
**2. Игор Петрович – Босна и Херцеговина**
**90 кг + 18 години**
**1. Таири Реџеп – Македонија**
**2. Јан Соулат Франција**
**– 100 кг + 18 години**
**1. Зилагои Јерик – Унгарија**
**2. Ремест Никлас – Германија**
**3. Вицхман Даниел – Германија**